# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**17.09.2020 год.** **Бр.XIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 17.09.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 17.09.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1024/1 од 17.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 57-та седница, одржана на 17.09.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 55-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.08.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1006/3 од 17.09.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 57-та седница, одржана на 17.09.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 56-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.09.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1006/4 од 17.09.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 ства 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), а во врска со член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Р.С.М.” бр.212/20), прилог број 47-протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020-2021 година и прилог број 51 точка 2 средно образование-план за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020-2021 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.09.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одржување на настава со физичко присуство во СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Советот на Општина Крушево одлучи да даде Согласност на барањето на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево за одржување на настава со физичко присуство во учебната 2020/2021 година, бр.03-265/1 од 04.09.2020 година, затоа што се исполнети сите потребни услови предвидени со Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Член 2**

Советот на Општина Крушево, како основач, ќе достави барање за добивање Согласност за реализирање на настава со физичко присуство до Владата на Република Северна Македонија-Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1006/5 од 17.09.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 ства 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), а во врска со член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Р.С.М." бр.212/20), прилог број 46-протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020-2021 година и прилог број 51 точка 1 основно образование-план за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020-2021 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.09.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одржување на настава со физичко присуство во**
**ООУ "Никола Карев" Крушево во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Советот на Општина Крушево одлучи да даде Согласност на барањето на ООУ "Никола Карев" Крушево за одржување на настава со физичко присуство во учебната 2020/2021 година, бр.03-267/1 од 10.09.2020 година, затоа што се исполнети сите потребни услови предвидени со Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Член 2**

Советот на Општина Крушево, како основач, ќе достави барање за добивање Согласност за реализирање на настава со физичко присуство до Владата на Република Северна Македонија-Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1006/6 од 17.09.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 ства 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), а во врска со член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Р.С.М." бр.212/20), прилог број 46-протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020-2021 година и прилог број 51 точка 1 основно образование-план за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020-2021 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.09.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одржување на настава со физичко присуство во**
**ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Советот на Општина Крушево одлучи да даде Согласност на барањето на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево за одржување на настава со физичко присуство во учебната 2020/2021 година, бр.03-138/1 од 09.09.2020 година, затоа што се исполнети сите потребни услови предвидени со Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Член 2**

Советот на Општина Крушево, како основач, ќе достави барање за добивање Согласност за реализирање на настава со физичко присуство до Владата на Република Северна Македонија-Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1006/7 од 17.09.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………… 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 55-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………… 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 56-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………….. 1
4. Одлука за одржување на настава со физичко присуство во СОУ “Наум Наумовски-Борче” од Крушево за учебната 2020/2021 …………………………………… 1
5. Одлука за одржување на настава со физичко присуство во ООУ “Никола Карев” од Крушево во учебната 2020/2021 година ……………………………………………….. 2
6. Одлука за одржување на настава со физичко присуство во ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево во учебната 2020/2021 година ………………. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.